B416
CENTRALNA KNJIŽNICA
VRHOVNEGA SODIŠČA SR SLOVENIJE
B 416
2693 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 29 јануари 1975
Скопје
Број 1 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**1.**

Врз основа на член 376 став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1 и 3 од Законот за помилување и член 85 од Кривичниот законик, Претседателството на СРМ, на седницата на 14 јануари 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Се ослободуваат од понатамошно извршување на казната:
1. Благоја Мане Тасев, од Скопје,
2. Перо Арсов, од Скопје.

II

Изречената казна се намали за 1 година:
1. Атанас Димитар Крстевски, од Скопје.

III

Се услови казната на 1 година:
1. Димче Илиев Ивановски, од Скопје,
2. Мавмуда Ибраим Адемоска, од с. Октиси.

IV

Се услови казната на 2 години:
1. Драган Славко Поп Антовски, од Скопје.

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 16. I. 1975 година, а да се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 06-13
14 јануари 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски**, с. р.

---

**2.**

Врз основа на член 17 од Законот за сценско-уметничка дејност („Службен весник на СРМ" бр. 41/73), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕН И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ВО СКОПЈЕ

I. Се утврдува престанување на функцијата член на Советот на Народниот театар во Скопје на — Предраг Кушевски.

II. За член на Советот на Народниот театар во Скопје се именува
— Најден Настев, советник во Секретаријатот за односи со странство на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-3033/1
10 октомври 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**3.**

Врз основа на член 29 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

1. Се именува за потсекретар во Републичкиот завод за општествено планирање Павлина Топукова, досегашен помошник на директорот на Заводот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-2917/1
27 ноември 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

---

**4.**

Врз основа на член 43 став 4 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

1. Се именува за помошник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање Стојан Калеов, досегашен советник на директорот на Заводот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-2918/1
27 ноември 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с.р.

---

**5.**

Врз основа на член 43 став 4 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

1. Се именува за советник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање Борис Блажевски, раководител на група во Заводот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-2919/1
27 ноември 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с.р.

6.

Врз основа на член 43 став 4 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

1. Се именува за советник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање Круме Димовски, раководител на група во Заводот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-2920/1
27. ноември 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с.р.

7.

Врз основа на член 43 став 4 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

1. Се именува за советник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање Бошко Здравковски, советник во Заводот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-2921/1
27 ноември 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с.р.

8.

Врз основа на член 33 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се именува за советник во Извршниот совет Авдовиќ Шукрија, од Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-2922/1
27 ноември 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с.р.

9.

Врз основа на член 33 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се именува за советник во Извршниот совет Петар Михајловски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ .

Број 12-3011/1
10 декември 1974 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

10.

Врз основа на член 163 став 3 од Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ“, бр. 39/72, 3/73, 24/73, 46/73 и 48/74), републичкиот секретар за финансии во согласност со републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## НАРЕДБА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТОРОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ЧИСТ ПРИХОД ОД ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

1. Факторот за утврдување на вкупниот чист приход од земјоделската дејност за 1974 година изнесува 4,8.

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 08-78/1
20 јануари 1975 година
Скопје

Републички секретар за
финансии,
**Ристо Филиповски,** с. р.

11.

Уставниот суд на Македонија, решавајќи го спорот во врска со склучувањето на Самоуправната спогодба за изменување и дополнување на Самоуправната спогодба за здружување на основните организации на здружениот труд во работна организација „Скопски магазин“ во Скопје од 29 октомври 1973 година, по одржаната јавна расправа на 14 ноември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се утврдува дека не е во спротивност со Уставот на СР Македонија спогодбата на повеќето основни организации на здружениот труд за изменување и дополнување на ставот 1 на член 54 од Самоуправната спогодба за нивно здружување во работна организација „Скопски магазин“ со која е определено основните организации на здружениот труд во состав на работната организација да имаат посебни жиро сметки.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во работната организација „Скопски магазин“ на начин што во самоуправната спогодба за здружување односно во статутот на работната организација е предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основните организации на здружениот труд за промет со стоки на големо од домашно производство и за промет со стоки на мало во состав на работната организација „Скопски магазин“ во Скопје му поднесоа на Уставниот суд на Македо-

нија предлог за поведување постапка за оценување уставноста на ставот 1 на член 54 од Самоуправната спогодба за здружување на основните организации на здружениот труд во работна организација „Скопски магазин“ што била склучена на 29 октомври 1973 година, како и предлог за поведување спор во врска со склучувањето на самоуправна спогодба за изменување на овој член од самоуправната спогодба за здружување.

Во предлогот се наведува дека во оспорената одредба од самоуправната спогодба за здружување е предвидено основните организации на здружениот труд да имаат заедничка жиро сметка. Постоењето на заедничка жиро сметка, според наводите во предлогот ги попречувале основните организации на здружениот труд да имаат увид во остварените средства и да одлучуваат за нивната употреба, а истовремено ваквата жиро сметка овозможувала користење на средствата на едни основни организации на здружениот труд од други основни организации во состав на работната организација. Во прилог на ова е наведено дека основните организации на здружениот труд за промет со стоки на мало и за промет со стоки на големо од домашно производство поради ваквиот начин на користење на средствата немале можност да се здобијат со средства по основот каса шконто.

Со оглед на ваквата положба, се наведува понатаму во предлогот, работниците во основните организации на здружениот труд — подносители на предлогот донеле одлуки за изменување на ставот 1 на член 54 од самоуправната спогодба за здружување со кои се предвидува секоја основна организација на здружениот труд да има посебна жиро сметка. Овие одлуки со предлогот за изменување на самоуправната спогодба биле доставени до другите две основни организации на здружениот труд — основната организација на здружениот труд за промет со стоки од увоз и основната организација на здружениот труд за заеднички функции, но тие до поднесувањето на предлогот на Уставниот суд не се изјасниле за него. Со оглед на тоа се предлага Судот да утврди дека ставот 1 на член 54 од самоуправната спогодба е противуставен затоа што таа одредба од спогодбата повеќе не ја изразува волјата на здружените основни организации, како и тоа Судот да го реши спорот во врска со склучувањето на спогодбата за изменување на оваа одредба.

Во одговорот на основните организации на здружениот труд за промет со стоки од увоз и за заеднички функции се оспоруваат наводите во предлогот и се наведува дека преку интерните сметки е обезбеден преглед и увид во средствата на сите основни организации на здружениот труд, дека отворањето на посебни жиро сметки ќе предизвика неоправдано зголемување на трошоците на работењето и дека негативно ќе се одрази врз економската стабилност на секоја од основните организации на здружениот труд и на работната организација како целина. Во одговорот исто така се наведува дека основните организации на здружениот труд — подносителите на предлогот не можеле да остварат приход по основот каса шконто, поради тоа што имале залиха на стоки над нормалното ниво а не поради постоење на заедничка жиро сметка.

4. Уставниот суд на Македонија врз основа на писмените прилози кон предлогот и одговорот, како и врз основа на доказите поднесени на јавната расправа, утврди дека основните организации на здружениот труд за промет со стоки на мало, за промет со стоки на големо од домашно производство, за промет со стоки од увоз и за заеднички функции на 29 октомври 1973 година склучиле самоуправна спогодба за нивно здружување во работна организација „Скопски магазин“. Во ставот 1 на член 54 од оваа самоуправна спогодба е определено дека основните организации на здружениот труд се спогодиле целото финансиско работење да се врши преку интерни жиро сметки, а во ставот 2 на овој член е определено дека во секоја основна организација ќе се организира соодветна служба за вршење на работите во врска со овие сметки.

Судот исто така утврди дека средствата од заедничката жиро сметка се исплатувале за исполнување на обврските на основните организации на здружениот труд по налог на соодветната служба на претпријатието, но без согласност на основната организација на здружениот труд што ги остварила тие средства и дека основните организации на здружениот труд можат да имаат определен увид во средствата само при изготвувањето на периодичните пресметки и завршната сметка.

Судот потоа утврди дека работниците на основната организација на здружениот труд за промет со стоки на мало на собирот одржан на 15 јануари 1974 година и работниците на основната организација на здружениот труд за промет со стоки на големо од домашно производство на собирот одржан на 22 март 1974 година, донеле одлуки да отворат своја посебна жиро сметка а ставот 1 на член 54 од самоуправната спогодба за здружување да се измени во таа смисла што секоја основна организација на здружениот труд да составува периодична пресметка и завршна сметка и водењето на целата финансиска документација да се врши преку посебни жиро сметки. Одлуките за измена и дополнување на ставот 1 на член 54 од Самоуправната спогодба за здружување им биле доставени на усвојување на другите две основни организации на здружениот труд, но тие не се согласиле со нив.

Во врска со оценката на ставот 1 на член 54 од Самоуправната спогодба за здружување на основните организации на здружениот труд во работна организација „Скопски магазин“ Судот заеде становиште дека од уставната положба на основната организација на здружениот труд, а посебно од нејзиното својство на правно лице утврдено во членот 46 од Уставот на СР Македонија, произлегува и правото на основната организација на здружениот труд да има своја жиро сметка. Остварувањето на ова право, меѓутоа, како што е тоа случај и со утврдувањето на правата на основната организација на здружениот труд што произлегуваат од нејзиниот статус на правно лице, се уредува со самоуправната спогодба за нивно здружување, при што основните организации можат да се спогодат или да имаат посебни жиро сметки или заедничка жиро сметка. Со оглед на тоа Судот смета дека не може да се оцени за противуставен ставот 1 на член 54 од Самоуправната спогодба за здружување на основните организации на здружениот труд во работна организација „Скопски магазин“ во кој е предвидено работењето на основните организации да се врши преку заедничка жиро сметка, а за што при склучувањето на оваа самоуправна спогодба била постигната согласност на сите основни организации на здружениот труд.

Разгледувајќи ја состојбата во врска со изменувањето и дополнувањето на ставот 1 на член 54 од самоуправната спогодба Судот утврди дека во текот на постапката за изменување и дополнување на оваа спогодба работниците во Основната организација на здружениот труд за заеднички функции на собирот одржан на 11 ноември 1974 година донеле одлука за изменување на нејзиниот статус и за нивно конституирање во работна заедница на заеднички служби која ќе врши административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес на основните организации на здружениот труд во состав на работната организација „Скопски магазин“. Со тоа, според мислењето на Судот, поранешната основна организација на здружениот труд заеднички функции повеќе не може да се појавува како учесник во договорањето на основните организации на здру-

жениот труд за уредување на прашањето за жиро сметката, затоа што за тоа прашање можат да одлучуваат само деловите на претпријатието што имаат статус на основна организација на здружениот труд.

Со оглед на фактот што во работната организација „Скопски магазин", по конституирањето на работниците од основната организација на здружениот труд за заеднички функции во работна заедница за заеднички служби, постојат само три основни организации на здружениот труд, Судот утврди дека е постигната согласност на повеќето основни организации за изменување и дополнување на постојната самоуправна спогодба за здружување односно за тоа секоја основна организација на здружениот труд да има посебна жиро сметка. При тоа судот застана на становиште дека не може да се смета за спротивна на Уставот на СР Македонија одредба од самоуправна спогодба за здружување на основни организации на здружениот труд во работна организација со која се предвидува секоја основна организација на здружениот труд да има своја жиро сметка.

При одлучувањето Судот ги ценеше наводите на основната организација на здружениот труд за промет со стоки од увоз дека отворањето на посебната жиро сметка негативно ќе се одрази врз економската стабилност на сите основни организации и работната организација како целина и во врска со тоа заземе мислење дека основните организации на здружениот труд одлучувајќи за отворањето на посебни жиро сметки ја преземаат врз себе и одговорноста за евентуалните штетни последици од таквата одлука.

Со оглед на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука

У. бр.53/74
14 ноември 1974 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче,** с. р.

**12.**

Уставниот суд на Македонија, решавајќи го спорот во врска со склучувањето на Самоуправната спогодба за основите и мерилата за разграничување на средствата на основните организации на здружениот труд во Претпријатието за ПТТ сообраќај во Скопје, по одржаната јавна расправа на 21 ноември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се поништува членот 5 од Самоуправната спогодба за основите и мерилата за разграничување на средствата на основните организации на здружениот труд во Претпријатието за ПТТ сообраќај во Скопје од 12 јули 1974 година, во делот со кој е утврдено дека зградите и телеграфско-телефонските капацитети се заеднички средства на сите основни организации на здружениот труд.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Претпријатието за ПТТ сообраќај во Скопје на начин што во самоуправната спогодба за здружување односно во статутот на претпријатието е предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основната организација на здружениот труд ПТТ во Тетово и основните организации за ТТ врски во Скопје (градска и меѓуградска), Штип и Битола му поднесоа на Уставниот суд на Македонија предлог за поведување спор во врска со склучувањето на Самоуправната спогодба за основите и мерилата за разграничување на средствата на основните организации во Претпријатието за ПТТ сообраќај во Скопје, во која е предвидено зградите и телеграфско-телефонските капацитети да се водат како заеднички средства на сите основни организации на здружениот труд. Подносителите на предлогот сметаат дека управувањето со основните средства е самоуправно право на работниците во основната организација на здружениот труд гарантирано со Уставот и дека со предвидувањето зградите и телеграфско-телефонските капацитети да се водат како заеднички средства на сите основни организации на здружениот труд се повредува ова уставно право на работниците во основните организации на здружениот труд што работат со тие средства. Со предлогот всушност се бара Судот да утврди дека управувањето со телеграфско-телефонските капацитети е право на работниците во основните организации за ТТ врски.

Во одговорот на Претпријатието за ПТТ сообраќај во Скопје по повод поднесениот предлог се наведува дека зградите и телеграфско-телефонските капацитети се заеднички средства на сите основни организации на здружениот труд, поради тоа што постои функционална поврзаност меѓу одржувањето и експлоатацијата на ТТ средствата. При тоа во одговорот се укажува дека ваквиот статус на овие средства произлегува од начинот на организирањето и дејноста на основните организации на здружениот труд, како и од членот 4 на Законот за промет со општествени средства на основните организации на здружениот труд. Во одговорот исто така се укажува дека врз основа на усвоениот годишен план од сите основни организации на здружениот труд остварените приходи од вршењето на ПТТ дејноста, вклучувајќи ги тука и ТТ импулсите, книговодствено се евидентираат во основните организации на здружениот труд каде што се остваруваат, а од заеднички остварените приходи се обезбедува приход на секоја основна организација на здружениот труд според интерните договорени цени.

4. Врз основа на писмените прилози кон предлогот и одговорот, како и доказите поднесени на јавната расправа, Судот утврди дека на 26 декември 1973 година дваесет и две основни организации на здружениот труд од областа на ПТТ сообраќајот склучиле самоуправна спогодба за нивно здружување во работна организација — Претпријатие за ПТТ сообраќај во Скопје. Според членот 76 од оваа самоуправна спогодба постојните средства на претпријатието ќе се распоредат на одделните основни организации на здружениот труд со билансна состојба на 31 декември 1973 година што ќе биде утврдена со посебна самоуправна спогодба. Во согласност со оваа одредба од спогодбата, повеќето основни организации на здружениот труд склучиле самоуправна спогодба за основите и мерилата за разграничување на средствата на основните организации на здружениот труд, чие усвојување го прогласил работничкиот совет на претпријатието со своја одлука донесена на 12 јули 1974 година. Оваа самоуправна спогодба одбиле да ја потпишат основните организации на здружениот труд — подносители на предлогот и тоа од причини наведени во предлогот за поведување постапка. Во членот 1 од оваа спогодба е определено дека со неа се утврдуваат основите и начелата што ќе служат за разграничување на средствата и на нивните извори, како и на правата и обврските на основните организации на здружениот труд и на претпријатието утврдени во завршната сметка за 1973 година, а во членот 5 од спогодбата, меѓу другото, е определено дека деловните основни средства, освен зградите и ТТ капацитетите, се разграничуваат на основните организации на здружениот труд според нивната намена и користење врз основа на постојната книговодствена евиденција, додека зградите и ТТ капацитетите се заеднички средства на сите основни организации на здружениот труд.

Судот исто така утврди дека во Претпријатието за ПТТ сообраќај во Скопје основните организации на здружениот труд биле организирани со оглед на нивната функција во ПТТ сообраќајот т. е. биле организирани основни организации на здружениот труд што вршат ПТТ услуги и основни организации што вршат одржување на ТТ уредите.

Според ставот 2 на одделот III од Основните начела на Уставот на СР Македонија со средствата за производство во општествена сопственост вклучувајќи ги и средствата за проширена репродукција, непосредно управуваат здружените работници кои работат со тие средства, а според ставот 8 на овој оддел основа на сите видови здружувања на трудот и на средствата на општествената репродукција и на самоуправната интеграција на здружениот труд е основната организација на здружениот труд, како основен облик на здружениот труд во кој работниците го остваруваат неотуѓивото право, работејќи со општествени средства, да управуваат со својот труд и со условите за работа и да одлучуваат за резултатите на својот труд. Согласно ставот 1 на член 35 од Уставот својот труд и средствата на општествената репродукција во основните организации на здружениот труд работниците слободно ги здружуваат во работни организации и во други облици на здружување на трудот и на средствата, а согласно ставот 2 од овој член на Уставот меѓусебните права, обврски и одговорности во различните облици на здружување на трудот и средствата работниците во основните организации на здружениот труд ги уредуваат со самоуправна спогодба во согласност со закон, обезбедувајќи ги во целината на овие односи неотуѓивите права на работниците загарантирани со Уставот.

Тргнувајќи од овие одредби на Уставот Судот смета дека е право на работниците во основната организација на здружениот труд да управуваат со средствата со кои работат и дека тие во рамките на Уставот и законот одлучуваат за располагањето со средствата, вклучувајќи го тука и правото да ги здружуваат средствата со другите основни организации на здружениот труд. Поради тоа, според мислењето на Судот, средствата со кои работат работниците во основната организација на здружениот труд не можат без нивна согласност да се прогласуваат за заеднички средства на сите основни организации на здружениот труд, затоа што на тој начин работниците во тие основни организации на здружениот труд би биле лишени од правото да управуваат со средствата со кои работат и кои се основа за стекнување на доходот на основната организација. Според становиштето на Судот здружување на средствата на основните организации на здружениот труд може да се врши само откако претходно биле утврдени средствата со кои ќе управуваат работниците во одделните основни организации на здружениот труд. При тоа, со оглед на фактот што со членот 5 и со другите одредби од оспорената самоуправна спогодба не е определен начинот на управувањето со „заедничките средства" и правата на работниците од основните организации на здружениот труд во поглед на тие средства, Судот смета дека со прогласувањето на зградите и ТТ капацитетите за заеднички средства на сите основни организации на здружениот труд всушност се создаваат средства на ниво на претпријатие, без можности за учество на работниците од основните организации на здружениот труд во управувањето со тие средства, што е спротивно на уставната положба и на работната организација и на основните организации на здружениот труд. Од друга страна Судот смета дека содржината на правото на управување со овие „заеднички средства" не се исцрпува со учество на работниците од основните организации на здружениот труд во распределбата на доходот што се создава со работењето со овие средства.

Оценувајќи ги наводите дека за прогласувањето на зградите и ТТ капацитетите за заеднички средства на основните организации на здружениот труд има правен основ во членот 4 од Законот за промет со општествените средства на основните организации на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 22/73), Судот утврди дека се тие неосновани затоа што овој член од законот се однесува на здружувањето на средствата на основните организации на здружениот труд за постигнување на заедничките деловни цели врз основа на посебен договор, при што едновремено се уредуваат и меѓусебните односи од здружувањето на средствата. Во случајов, меѓутоа, нема здружување на средства во смислата на овој член од законот, затоа што претходно не е извршено разграничување на средствата меѓу основните организации на здружениот труд, туку тие непосредно се прогласуваат за заеднички, а не се уредуваат ниту меѓусебните односи во врска со управувањето и користењето на тие средства.

Судот смета дека основите и мерилата односно принципите за разграничување на другите средства на основните организации на здружениот труд, што се утврдени со оспорената самоуправна спогодба, треба да се применат и на зградите и ТТ капацитетите, затоа што со нив се обезбедува со средствата да управуваат работниците во основните организации на здружениот труд што работат со нив. При тоа, според мислењето на Судот, работниците во основните организации на здружениот труд треба да ги преиспитаат основите од кои се тргнало при организирањето на основни организации на здружениот труд во работната организација и да оценат дали со нив се обезбедува најефикасно вршење на функциите на ПТТ сообраќајот. Со оглед на тоа што телеграфско-телефонските капацитети се користат и од основните организации на здружениот труд што вршат пренос на телеграфско-телефонски соопштенија, а истовремено и од основните организации на здружениот труд што се грижат за одржувањето на ТТ уредите, Судот го оцени како неосновано барањето да се утврди дека правото на управување со телеграфско-телефонските капацитети им припаѓа само на работниците во основните организации на здружениот труд за ТТ врски.

Со оглед на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 63/74
21 ноември 1974 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

---

**13.**

Уставниот суд на Македонија, решавајќи го спорот поведен од Автотранспортното претпријатие „Пролетер" во Скопје во поглед на исполнувањето на условите за организирање на Автобуската станица во Скопје во основна организација на здружениот труд, по одржаната јавна расправа на 25 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека Автобуската станица во Скопје ги исполнува условите за организирање во основна организација на здружениот труд во состав на Автотранспортното претпријатие „Пролетер" во Скопје.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Автотранспортното претпријатие „Пролетер“ во Скопје на начин што со статутот на претпријатието е предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. На Уставниот суд на Македонија, врз основа на одлуката на собирот на работниците од Автотранспортното претпријатие „Пролетер“ во Скопје одржан на 5 октомври 1974 година, му е поднесен предлог за поведување спор во врска со организирањето на Автобуската станица на претпријатието во Скопје во основна организација на здружениот труд. Во поднесениот предлог се наведува дека Автобуската станица во Скопје, како дел на претпријатието, не ги исполнува предвидените услови за организирање во основна организација на здружениот труд, затоа што не претставува работна целина и што заедничкиот труд на работниците во станицата не може да се потврди како вредност на пазарот или во работната организација, ниту пак може врз таа основа самостојно да се изрази. Во предлогот исто така се наведува дека организирањето на овој дел на работната организација во основна организација на здружениот труд е извршено спротивно на членот 34 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73), затоа што не било образувано работно тело за спроведување на потребните подготовки и што не била изработена и разгледана од работниците на сите делови на претпријатието анализата за исполнување условите за организирање на станицата во основна организација на здружениот труд. Организирањето на Автобуската станица во Скопје во основна организација на здружениот труд се оспорува и поради тоа што со нејзиното организирање во основна организација се повредувале правата на работниците од другите делови на претпријатието, како и правата и интересите на претпријатието како целина и што еднострано се менувале нивните меѓусебни обврски.

Претставниците на претпријатието и на работните единици на јавната расправа изјавија дека остануваат при наводите изнесени во предлогот.

Претставниците на работниците од Автобуската станица во Скопје во одговорот доставен до Судот по повод на поднесениот предлог и на јавната расправа ги оспорија наводите во предлогот и застапуваа став дека станицата ги исполнува уставните и законските услови за нејзино организирање во основна организација на здружениот труд. При тоа, тие изнесоа дека работниците во автобуската станица досега немале еднаков третман со работниците во другите делови на претпријатието и дека нивните иницијативи за уредување на определени прашања од меѓусебните односи, како што е прашањето за добивање статус на работна единица, не биле прифаќани од органите на претпријатието, иако постоеле услови за тоа.

4. На основа на податоците во писмените прилози и доказите поднесени на јавната расправа Судот утврди дека работниците на Автобуската станица во Скопје што била во состав на работната единица за патнички сообраќај на Автотранспортното претпријатие „Пролетер“ во Скопје, на собирот одржан на 4 септември 1974 година со мнозинство гласови од сите вработени во станицата, донеле одлука овој дел на претпријатието да се организира во основна организација на здружениот труд. Според точката 2 од оваа одлука дејноста на основната организација на здружениот труд Автобуска станица е продажба на патни билети, примање и отпремување автобуси и патници и вршење на гардероберски и други станични услуги.

Испитувајќи го постоењето на условите за организирање на основна организација на здружениот труд Судот утврди дека Автобуската станица во Скопје, која вработува преку шеесет работници, на Автотранспортното претпријатие „Пролетер“ и на другите автотранспортни претпријатија им врши определени услуги — продажба на патни билети, примање и отпремување на автобусите и патниците, како и други видови услуги поврзани со престојот на патниците на автобуската станица (гардероба и слично) и дека за вршењето на секоја од овие услуги се наплатува соодветен надоместок. Судот потоа утврди дека фреквенцијата на автобусите и на патниците на Автобуската станица во Скопје е на ниво што овозможува од наплатените надоместоци да се остварува таков доход кој ќе претставува материјална основа за остварување на општествено-економските и другите самоуправни права на работниците во основната организација на здружениот труд. Судот исто така утврди дека Автобуската станица во Скопје е дел на претпријатието во кој се врши посебна дејност која не претставува неразделна целина со дејноста што ја вршат другите делови на претпријатието а посебно со дејноста што ја врши работната единица за патнички сообраќај. Овој дел од претпријатието, според оценката на Судот, претставува работна целина во кој резултатот од заедничкиот труд на работниците може самостојно да се изрази како вредност не само во рамките на работната организација туку и во односите со другите организации на здружениот труд што вршат превоз на патници и во кој работниците можат да ги остваруваат своите општествено-економски и други самоуправни права.

Оценувајќи ги наводите на подносителот на предлогот дека организирањето на автобуската станица во основна организација на здружениот труд било извршено без претходно да биде образувано работно тело и изработена соодветна анализа, Судот утврди дека при конституирањето на претпријатието во јуни 1974 година работничкиот совет образувал работна група која подготвила информација за состојбата во претпријатието. Подготовките за организирање основни организации на здружениот труд во ова претпријатие, меѓутоа, не ги спровело работно тело составено од делегати на работниците избрани во сите делови на работната организација (погони, работни единици, работни бригади, работни тимови и слично) како што е тоа предвидено во ставот 1 на член 34 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд и не била изготвена анализа за условите за организирање на основни организации на здружениот труд со податоци предвидени во ставот 3 на овој член од законот. Информацијата подготвена од работната група образувана од работничкиот совет била разгледана на собир на работниците од сите делови на претпријатието на кој била усвоена одлука за организирање на работниците во единствена работна организација. При тоа на работниците од деловите на претпријатието не им била дадена можност да оценат дали тие делови претставуваат работна целина и дали ги исполнуваат другите услови за организирање во основни организации на здружениот труд. Судот исто така утврди дека откако на работниците од автобуската станица не им била прифатена иницијативата со статутот на претпријатието да им се признае статус на работна единица, тие на собирот одржан на 4 септември 1974 година одлучиле да се организираат во основна организација на здружениот труд. На овој собир била разгледана и посебна анализа на условите за организирање на автобуската станица во основна организација на здружениот труд во која се содржани податоци за средствата со кои управува и работи станицата, за условите за остварување на доходот, за височината на вкупниот приход и доход и за неговата распределба и во која е определен и начинот на уредувањето на односите меѓу автобуската станица и другите делови на претпријатието. При тоа работниците од основната организација на здружениот труд Автобуска станица презеле обврска да не се наплатува надоместок за прием и отпремување на автобусите на претпријатието „Пролетер“ и на неговите кооперанти, односно на другите превозници со кои претпријатието има склучено договори

за меѓусебно ненаплатување на вакви услуги, како и презеле обврска да учествуваат во поднесувањето на соодветен дел од трошоците на заедничките служби.

Со оглед на тоа што во постапката за организирање на претпријатието во единствена работна организација не им била дадена можност на работниците од автобуската станица да оценат дали постојат услови за организирање на станицата во основна организација на здружениот труд и што не било образувано работно тело и изготвена анализа во смислата на членот 34 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд Судот го оцени како неоснован приговорот дека одлуката за организирање на автобуската станица во основна организација на здружениот труд била донесена спротивно на постапката пропишана со законот. Судот смета дека кога во работната организација не се преземени мерки за организирање на основни организации на здружениот труд по постапката предвидена во законот, работниците од секој дел на работната организација можат самостојно и врз основа на посебна анализа, доколку ги исполнуваат предвидените услови, да се организираат во основна организација на здружениот труд.

Судот не ги оценуваше наводите во предлогот дека со организирањето на автобуската станица во основна организација на здружениот труд се повредуваат правата на работниците во другите делови на работната организација и на работната организација како целина и дека еднострано се менуваат меѓусебните обврски, затоа што за тие прашања е овластен да одлучува надлежниот стопански суд.

Со оглед на изнесеното Судот утврди дека Автобуската станица во Скопје ги исполнува условите за организирање во основна организација на здружениот труд предвидени во членот 37 од Уставот на СР Македонија, поради што одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 75/74
25 декември 1974 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## ЗАЕДНИЦА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ

1.

Врз основа на член 12 од Законот за самоуправните интересни заедници на научните дејности и член 28 од Статутот на Заедницата на научните дејности, Собранието на Заедницата на научните дејности на седницата одржана на 23-XII-1974 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКОВНАТА 1974 ГОДИНА ДО 31-I-1975 ГОДИНА

1. Придонесите за научната дејност што ќе се пресметуваат и уплатуваат во месец јануари 1975 година за сметка на 1974 година ќе претставува приход на финансискиот план за 1974 година на Заедницата на научните дејности, до нивното извршување.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-1184/1
24 декември 1974 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Заедницата,
**проф. д-р Тодор Џунов,** с. р.

---

2.

Врз основа на член 28 став 1 точка 4 од Статутот на Заедницата на научните дејности, Собранието на Заедницата на научните дејности, на седницата одржана на 23 декември 1974 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО 1975 ГОДИНА

I

Стапките на придонесите за научните дејности во 1975 година остануваат исти како што беа утврдени со член 25 од Законот за самоуправните интересни заедници на научните дејности („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и изнесуваат:

— 0,34% од доходот на основните организации на стопанството и другите организации од член 16 на Законот;

— 0,45% од личниот доход од работен однос на работниците од член 17 на Законот.

II

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-1183/1
24 декември 1974 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Заедницата,
**проф. д-р Т. Џунов,** с. р.

## РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА

3.

Врз основа на член 27 и 34 од Законот за физичката култура и самоуправните интересни заедници на физичката култура („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), член 69 и 72 од Статутот на Републичката заедница на физичката култура, Собранието на Републичката заедница на физичката култура, на седницата одржана на 27 декември 1974 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат основните организации на здружениот труд од доходот и работните луѓе од личниот доход, заради обезбедување средства на Републичката заедница на физичката култура.

Член 2

Во 1975 година, се утврдуваат стапки на придонеси:

1) 0,04% од доходот на основните организации на здружениот труд (член 73 од Статутот);

2) 0,05% од личен доход од работен однос (член 74 од Статутот).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-94
27 декември 1974 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Републичката
заедница на физичката култура,
**инж. Никола Каранфиловски,** с. р.

**4.**

Врз основа на член 17 и 92 од Статутот на Републичката заедница на физичката култура, Собранието на Републичката заедница на физичката култура, на својата седница одржана на ден 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Со финансискиот план за 1975 година, Републичката заедница на физичката култура, се утврдуваат приходи и расходи и тоа:

— приходи 8.131.000 дин.
— расходи 8.131.000 „

Член 2

Приходите на Заедницата за 1975 година и нивниот распоред по намени се утврдуваат со Финансискиот план за 1975 година, во следните износи:

ФИНАНСИСКИ ПЛАН

на Републичката заедница на физичката култура за 1975 година

I. ПРИХОДИ

| Р. бр. | Број на с-ката од евиденц. | Вид на средства | Износи |
|---|---|---|---|
| 2 | 01—1 | Придонеси од личните доходи | 1.972.000 |
| 3 | 01—2 | Придонеси од доходот | 5.643.000 |
| 12 | 03—1 | Допл. сред. од реп. буџет | 516.000 |
| | | Вкупно расположиви средства | 8.131.000 |
| | | II. РАСХОДИ | |
| 25 | 06 | Расходи на стручната служба и органите на управувањето со Републичката заедница на физичката култура | 490.000 |
| 35 | 08—1 | Средства пренесени на самоуправни и други организации кои вршат дејности и активности на физичката култура | 7.559.690 |
| 49 | 10—4 | Издвоени средства на резервите 1% | 81.310 |
| 51 | | Вкупно средства за користење | 8.131.000 |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1-I-1975 година.

Број 01/93
27 декември 1974 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Републичката
заедница на физичката култура,
**инж. Никола Каранфиловски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КУМАНОВО

**5.**

Врз основа на член 101, 102 и 103 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), а по предлог на Извршниот одбор, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на својата седница одржана на 26 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО 1975 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравственото осигурување на работниците за 1975 година се определува во височина од 7,5% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствената заштита од 3%, и

— стапката на придонесот за правата на здравствената заштита над задолжителните видови и други права од здравственото осигурување од 4,5%.

Тарифата на придонесот за здравственото осигурување за случај на несреќа на работа и професионално заболување се определува во висина од 0,5% од основицата од која се пресметуваат придонесите за здравственото осигурување, предвидени во став 1 од овој член.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствената заштита во странство се определува во висина од 15% од нето личниот доход, односно основицата утврдена со посебна одлука за деташирани работници во странство.

Посебниот придонес од претходниот став се распоредува по видови на правата сразмерно на стапките односно тарифата на придонесот определен во член 1 на оваа одлука.

Член 3

Доколку со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението (во натамошниот текст: Законот) и другите општи акти на Заедницата, основицата за пресметување на придонесите е определена во нето износ, придонесите за здравственото осигурување се пресметуваат и плаќаат по стапки односно тарифа пресметана на примања на нето лични доходи, односно примања.

Пресметување на стапките и тарифата на начин предвиден во претходниот став се врши кога личните доходи исклучително се пресметуваат и плаќаат во нето износи како и во случаи кога во личните доходи не се содржани сите придонеси од личниот доход или истите се плаќаат по други стапки по кои придонесот се пресметува и плаќа за поголем број работници вработени во работни организации.

Придонесите за здравственото осигурување и посебниот придонес за користење на здравствената заштита во странство ќе се уплатуваат со еден налог — уплатница.

Член 4

Обврзник на уплата на придонесот е должен, согласно член 105 од Законот, при уплатата на придонесите за здравственото осигурување и посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на самиот налог — уплатница да даде

спецификација на уплатените придонеси по видови на правата, со ознака на основицата и период за кој се пресметува и уплатува придонесот.

Член 5

Придонесот го пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со Законот и другите општи акти на Заедницата.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

СОБРАНИЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КУМАНОВО

Бр. 03-3426/1
26 декември 1974 година
Куманово

Претседател,
**Стојан Величковски,** с. р.

**6.**

Врз основа на член 100, 101 и 102 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), и член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) а по предлог на Извршниот одбор, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, на сите собори на делегати, на својата седница одржана на 26 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКИТЕ И ИЗНОСИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките и износите на придонесите за здравственото осигурување на земјоделците за подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово.

Член 2

Земјоделските осигуреници ги плаќаат следните придонеси на здравственото осигурување:

1. За осигуреници — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приход):

а) по стапка од 11% на катастарски приход, во која се содржани:

— стапка на придонесот за задолжителните видови на здравствена заштита од 7,5%, и

— стапка на придонесот за правата кои Заедницата сама ги утврдува од 3,5%;

б) по 40,00 динари годишно за секое осигурано лице, во кои се содржани:

— износ од 20,00 динари на име придонес за задолжителните видови на здравствена заштита,

— износ од 10,00 динари на име придонес за правата што Заедницата сама ги утврдува, и

— износ од 10,00 динари за санирање на вишок расходи над приходи (кусок) од претходни години.

2. За осигурениците — земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност се плаќа:

а) по 100,00 динари за домаќинство, во кој износ се содржани:

— износ од 70,00 динари на име придонес за задолжителните видови на здравствената заштита, и

— износ од 30,00 динари на име придонес за правата што Заедницата сама ги утврдува.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

СОБРАНИЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КУМАНОВО

Бр. 03-3430/1
26 декември 1974 година
Куманово

Претседател,
**Стојан Величковски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРАТОВО

**7.**

Врз основа на член 101, 102 и 103 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), и член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) а по предлог на Извршниот одбор, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на својата седница одржана на 28 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО 1975 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравственото осигурување на работниците за 1975 година се определува во височина од 7,5% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствената заштита од 3%, и

— стапката на придонесот за правата на здравствената заштита над задолжителните видови и други права од здравственото осигурување од 4,5%.

Тарифата на придонесот за здравственото осигурување за случај на несреќа на работа и професионално заболување се определува во висина од 0,5% од основицата од која се пресметуваат придонесите за здравственото осигурување, предвидени во став 1 од овој член.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствената заштита во странство се определува во висина од 15% од нето личниот доход, односно основицата утврдена со посебна одлука за деташирани работници во странство.

Посебниот придонес од претходниот став се распоредува по видови на правата сразмерно на стапките односно тарифата на придонесот определен во член 1 на оваа одлука.

Член 3

Доколку со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението (во натамошниот текст: Законот) и другите општи акти на Заедницата основицата за пресметување на придонесите е определена во нето износ, придонесите за здравственото осигурување се пресметуваат и плаќаат по стапки односно тарифа пресметана на примања на нето лични доходи, односно примања.

Пресметување на стапките и тарифата на начин предвиден во претходниот став се врши кога личните доходи исклучително се пресметуваат и плаќаат во нето износ, како и во случаи кога во личните доходи не се содржани сите придонеси од личниот доход или истите се плаќаат по други стапки по кои придонесот се пресметува и плаќа за поголем број работници вработени во работните организации.

Придонесите за здравственото осигурување и посебниот придонес за користење на здравствената заштита во странство ќе се уплатуваат со еден налог — уплатница.

Член 4

Обврзникот на уплата на придонесот е должен, согласно член 105 од Законот, при уплата на придонесите за здравственото осигурување и посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на самиот налог — уплатница да даде спецификација на уплатените придонеси по видови на правата, со ознака на основицата и периодот за кој се пресметува и уплатува придонесот.

Член 5

Придонесот го пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со Законот и други општи акти на Заедницата.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

СОБРАНИЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРАТОВО

Бр. 01-3158/1
28 декември 1974 година
Кратово

Претседател,
**Митко Георгиевски,** с. р.

---

**8.**

Врз основа на член 100, 101 и 102 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" број 21/71), и член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), а по предлог на Извршниот одбор, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на својата седница одржана на 29 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКИТЕ И ИЗНОСИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките и износите на придонесите за здравственото осигурување на земјоделците на подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово.

Член 2

Земјоделските осигуреници ги плаќаат следните придонеси за здравственото осигурување:

1. За осигуреници-земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приходи):

а) по стапка од 11% на катастарскиот приход, во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствената заштита од 7,5%,

— стапката на придонесот за правата кои Заедницата сама ги утврдува од 3,5%,

б) по 40,00 динари годишно за секое осигурено лице, во кои се содржани:

— износ од 20,00 динари на име придонес за задолжителните видови на здравствената заштита,

— износ од 10,00 динари на име придонес за правата што Заедницата сама ги утврдува,

— износ од 10,00 динари на име вишок на расходи над приходи (загуба од претходна година),

2. За осигуреници-земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност се плаќа:

а) по 100,00 за домаќинство, во кој износ се содржани:

— износот од 70,00 динари на име придонес за задолжителните видови на здравствената заштита, и

— износ од 30,00 динари на име придонес за правата што Заедницата сама ги утврдува.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

СОБРАНИЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРАТОВО

Бр. 01-3162/1
28 декември 1974 година
Кратово

Претседател
**Митко Георгиевски,** с. р.

---

**9.**

Врз основа на член 25 став 1 точка 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, а по предлог на Извршниот одбор, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 28 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИТЕ РАБОТОДАВЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравственото осигурување и за утврдување на правата од здравственото осигурување на лицата вработени кај приватните работодавци за кои со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението не е утврдена основицата за придонес.

Член 2

За вработените лица кај приватните работодавци личниот доход договорен меѓу работодавецот и работникот се утврдува:

| | |
|---|---|
| — за неквалификувани работници | 1.152,90 динари |
| — за полуквалификувани работници | 1.160,00 „ |
| — за квалификувани работници | 1.390,00 „ |
| — за висококвалификувани работници | 1.740,00 „ |
| — за домашни помошнички | 1.152,00 „ |

За ученици во стопанството односно ученици на училиштата за квалификувани работници за кои покрај училишната се изведува и практична настава во работната организација, училиштата или кај приватниот работодавец е наградата што ја прима, но не помалку од следниот износ:

| | |
|---|---|
| — за прва година | 116,00 динари |
| — за втора година | 232,00 „ |
| — за трета година | 348,00 „ |

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 04-3609/1 од 22 декември 1972 година.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 октомври 1974 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 01-3165/1
28 декември 1974 година
Кратово

Претседател,
**Митко Георгиевски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ДЕБАР

10.

Врз основа на член 101 и 102 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и член 23 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Дебар, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, на седницата од трите собори, одржана на 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесите за финансирање на здавственото осигурување на земјоделците — осигуреници при Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар.

II

Земјоделските осигуреници ги плаќаат следните придонеси за здравствено осигурување:

а. За задолжителни видови на здравствена заштита:

— 6% од катастарскиот приход и 20,00 динари за секој осигурен член на домаќинството;

б. За правата на здравствената заштита над задолжителните видови од здравственото осигурување:

— 3% од катастарскиот приход и 10,00 динари паушал за секој осигурен член на домаќинството.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 05-1717

30 декември 1974 година

Дебар

Претседател на Собранието,
**Дема Ивзи,** с. р.

---

11.

Врз основа на член 101, 102 и 103 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и член 23 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Дебар, на седницата од трите собори одржана на ден 30 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствено осигурување за 1975 година се определува во височина од 7% од личниот доход и други примања, во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита од 4%, и

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и други права од здравственото осигурување од 3%.

Тарифата на придонесот за здравственото осигурување за случај несреќа на работа и професионално заболување се определува и тоа:

1. За ООЗТ кои се обврзници на данок на доход во височина од 0,40% од остварениот доход, намален за законски и договорни обврски, освен данок на доход;

2. За ООЗТ и други работни заедници кои не се обврзници на данок на доход во височина од 0,424% од нето лични доходи и други лични примања.

Член 2

Доколку со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението и другите општи акти на Заедницата, основицата за пресметување на придонесите е определена во нето износ, придонесите за здравствено осигурување се пресметуваат и плаќаат по стапка односно по тарифа пресметана за примена на нето лични доходи односно примања.

Пресметувањето на стапките и тарифата на начин предвиден во претходниот став се врши и кога личните доходи исклучително се пресметуваат и плаќаат во нето износ, како и во случај кога во личните доходи не се содржани сите придонеси од личниот доход или истите се плаќаат според други стапки, по кои придонесот се пресметува и плаќа за поголем број работници вработени во работни организации.

Член 3

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со Закон, со Статутот и другите општи акти на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Дебар.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 05-1716

30 декември 1974 година

Дебар

Претседател на Собранието,
**Дема Ивзи,** с. р.

---

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ
### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

При Окружниот суд во Скопје се води постапка за развод на брак по правната работа на тужителот Стојановски Ангеле од Скопје, ул. „Петар Манџуков“ бр. 61-а, против тужената Стојановска, родена Анициновска Виолета од Скопје, порано со стан на ул. „Бранислав Нушиќ“ бр. 1, сега со непозната адреса.

Се повикува тужената Стојановска Виолета, да се јави во судот или да ја соопшти својата адреса, во рок од 15 дена од објавувањето на огласот. По истекот на овој рок, во колку тужената не се јави, ќе и биде определен привремен старател кој ќе ја застапува во предметниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 107/75. (10)

---

При Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Догани Плеќуќ Фадила од Гостивар, против тужениот Догани Идриз од с. Долна Бањица — Гостиварско, сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Догани Идриз од село Долна Бањица — Гостиварско, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот или да ја соопшти својата сегашна адреса.

Доколку во определениот рок од 30 дена не се јави или не ја соопшти својата точна адреса, ќе му биде поставен старател кој ќе го застапува во спорот за развод на брак.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 593/74. (4)

---

При Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак, по тужбата на тужителот Рамиз Јаворовац, село Црквино, Титов Велес, против тужената Хајка Јаворовац, моминско Коленовиќ, од село Црквино, сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужената Хајка Јаворовац, родена Коленовиќ во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот или да ја достави својата сегашна адреса.

Доколку во определениот рок не се јави или не ја достави својата точна адреса, ќе ѝ биде поставен старател, кој ќе ја застапува во спорот за развод на брак.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1153/74. (5)

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Лазо Андоновски од Скопје, ул. „Бабчор" бр. 5, нас. Аутокоманда, против тужената Марјола Андоновска, со непозната адреса, вредност 2.000 н. динари.

Се повикува тужената Марјола Андоновска во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави лично во судот или да ја достави својата адреса. Доколку во определениот рок не се јави на тужената ќе ѝ се одреди старател.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2330/74. (6)

---

Пред Окружниот суд во Скопје се води постапка за развод на брак по правната работа на тужителката Зорка Динева, по татко Станојковска од Куманово, ул. „Борко Танев" бр. 7, застапувана од адвокатот Васил Манолев од Скопје, против тужениот Благоје Динев од село Крушица, со непознато место на живеење.

Се задолжува тужениот Благоје Панче Динев во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да ја достави својата сегашна адреса или да се јави лично во судот. Доколку во оставениот рок не постапи по барањето, ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе ги штити интересите во предметниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1260/73 од 22. I. 1974 година. (7)

## ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Боцевска Шемовска Нада од с. Могила, сега во Торонто, поднесе до овој суд тужба за развод на брак, против Боцевски Борис од с. Катланово, сега со непозната адреса. Бидејќи тужениот е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно на истиот ќе му биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 781/74. (3)

## ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Тонкица Георгиева од Кочани, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Боро Димитров од Скопје, сега во неизвесност.

Бидејќи адресата и местожителството на тужениот не ни е позната, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, ја одредува за застапник Василка Кралева, приправник при Окружниот стопански суд во Штип, и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 340/74. (8)

---

Драги Николов од село Добрејци, Струмица, поднесе тужба до овој суд за развод на брак, против тужената Дивна Николова од село Шумане, општина Лебане, сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужената не се познати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да определи свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, го определува за застапник Илиев Боге, приправник во Окружниот суд во Штип и делото ќе се решава во нејзино отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 428/74. (9)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Општинскиот суд во Тетово го поканува со ова лицето Јусуфи Емина Ракип, роден 1862 година во Тетово, во рок од месец дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да се јави во овој суд. Покрај тоа овој суд го поканува секого кој нешто знае за неговиот живот да соопшти на овој суд. Во спротивно, по истекот на спомenатиот рок, ќе се докажува годината на смртта на именуваниот.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 569/74. (2)

---

# РЕГИСТАР НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 994, страна 258, книга VIII е запишана под фирма: „Југобанка" — Белград — седиште во Скопје — Експозитура — Струмица, ул. „4 Јули" бб. Предмет на работењето на експозитурата е: 1. Динарско штедење. 2. Девизно штедење — книшки и двојазични штедни книшки. 3. Девизни сметки на граѓаните. 4. Жиро сметки. 5. Текушти сметки. 6. Откуп на чекови и исплати по кредитни писма. 7. Продажба на чекови и кредитни писма. 8. Откуп и продажба на странски средства на плаќање, ефективни валути. 9. Ностро и лоро дознаки. 10. Прием, контрола и комплетирање на барањата по кредити за станбена и комунална изградба. 11. Потрошувачки кредити. 12. Прием и контрола на налозите и документацијата по работите на платниот промет со странство. 13. Собирање на средства, орочени и по видување на стопанските и други организации, општествено-политичките заедници, установите и фондовите. 14. Собирање на податоци за седиштето кај одобрувањето на кредити за стопанството. 15. Благајнички, динарски и девизни работи. 16. Објавување на други неутрални (услужни) работи за сметка на комитентите — граѓани. 17. Други работи.

Експозитурата во Струмица е основана од Југобанка — Белград со одлуката од првото редовно собрание на основачите на Југобанка — седиште Скопје, од одржаната седница на 23. II. 1973 година.

Експозитурата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, Каракашев Бранко, шеф на експозитурата, Јаневски Атанас, контролор, Панов Ристо, благајник и Масева Даница, ликвидатор.

Обврската пред банката е со два потписа, од кои еден од првите двајца.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 942 од 3. X. 1973 година. (1270)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 204, страна 232, книга VIII е запишана под фирма: „Ангрокожа и гума" — трговско претпријатие за промет со кожни и гумени производи на големо — Скопје — Деловна единица — продавница број 23 во село Врапчиште, Гостиварско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на кондури, преработена кожа и галантерија.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Ангрокожа и гума" — трговско претпријатие за промет со кожни и гумени производи на големо — Скопје, од одржаната седница на 24. II. 1973 година.

Раководител на продавницата е Емин Усеини.

Деловната единица — продавница број 23 во село Врапчиште, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 891 од 8. X. 1973 г. (1290)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 994, страна 257, книга VIII е запишана под фирма: „Југобанка“ — Београд — седиште во Скопје — Експозитура во Штип, плоштад „Слобода“ број 4. Предмет на работењето на експозитурата е: 1. Динарско штедење. 2. Девизно штедење — книшки и двојазични штедни книшки. 3. Девизни сметки на граѓаните. 4. Жиро сметки. 5. Текушти сметки. 6. Откуп на чекови и исплати по кредитни писма. 7. Продажба на чекови и кредитни писма. 8. Откуп и продажба на странски средства на плаќање, ефективни валути. 9. Ностро и лоро дознаки. 10. Прием, контрола и комплетирање на барањата по кредити за станбена и комунална изградба. 11. Потрошувачки кредити. 12. Прием и контрола на налозите и документацијата по работите на платниот промет со странство. 13. Собирање на средства, орочени и по видување на стопанските и други организации, општествено-политичките заедници, установите и фондовите. 14. Собирање на податоци за седиштето кај одобрувањето на кредити за стопанството. 15. Благајнички, динарски и девизни работи. 16. Обавување на други неутрални (услужни) работи за сметка на комитентите — граѓани. 17. Други работи.

Експозитурата во Штип е основана од Југобанка — Београд, со одлуката од првото редовно собрание на основачите на Југобанка — седиште Скопје, од одржаната седница на 23. II. 1973 година.

Експозитурата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, Буклиева Т. Цвета, шеф на експозитурата, Златев Ангел, благајник и Ушевски Методија, ликвидатор.

Обврската пред банката е со два потписа од кои еден мора да биде шефот.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 941 од 2. X. 1973 г. (1271)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 21. IX. 1973 година, рег. бр. 10/56, книга I е запишана под фирма: Продавница „Напредок“, село Мургашево, Демир Хисар, на Угостителското претпријатие „Унап“ — Демир Хисар. Предмет на работењето на продавницата е продажба на леб и бели печива, прехранбени артикли, деликатесни производи, производи врз база на шеќер и какао, млеко и млечни производи, преработки и овошје, алкохолни и безалкохолни пијалоци, тутунски преработки и кибрит.

Раководите на продавницата е Никлеска Павлина.

Продавницата е основана со одлука на работната заедница на Угостителското претпријатие „Унап“ — Демир Хисар, број 02-134/5 од 2. VII. 1973 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 388/73. (1302)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 12. IX. 1973 година, рег. бр. 112/55, книга II е запишано под фирма: Печатница „11 Октомври“ — Прилеп — Претставништво во Скопје, ул. „Никола Вапцаров“ бр. 17. Предмет на работењето на претставништвото е контактирање со деловни претпријатија за вршење на графички услуги и набавка на репроматеријали.

Преставништвото е основано со одлуката на работничкиот совет на Печатницата „11 Октомври“ — Прилеп, број 993 од 10. IX. 1973 година.

Претставништвото ќе го потпишува Тупарев Славе, раководител:

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 291/73. (1305)

# КОНКУРСИ

КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА
на ООЗТ — детска пнеумо-фтизиологија при Градската општа болница — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работното место:

1. Еден лекар специјалист педијатар

Услови:

Кандидатот да е лекар специјалист педијатар со 5 години педијатриски стаж.

Со пријавата за конкурирање кандидатите да достават: документ дека е лекар специјалист, документ за специјалистичкиот стаж, лекарско уверение, извод од матичната книга на родените, уверение за државјанство, работна книшка и согласност за вработените кандидати дека ќе бидат ослободени од работа, доколку бидат примени.

Не комплетираните пријави со потребните документи, нема да бидат земени предвид при разгледувањето од конкурсната комисија.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето.

---

Врз основа на Одлуката на Извршниот одбор на Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје, бр. 01 од 6. I. 1975 година и согласно Правилникот за начинот и постапката за отстапување изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ бр. 24/74), комисијата определена за спроведување на постапката

објавува

**ОГЛАС**

**ЗА ПОДОБНОСТ НА ИЗВЕДУВАЧИТЕ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ПО ПРОГРАМАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЖЕЛЕЗАРНИЦАТА „СКОПЈЕ“ — СКОПЈЕ**

1. Предмет за отстапување за градба е изведување на следните работи: градежни, градежно-занаетчиски и инсталатерски работи за Објектот за континуирано леење.

2. Место за изведување на работите е кругот на Железарницата „Скопје“ — Скопје.

3. Врста и видови на работи: сите градежни, градежно-занаетчиски, инсталатерски работи застапени во вообичаена градба, како и градежно-специфични работи како што се: огноотпорно озидување, кисолоотпорна изолација, огноотпорен бетон и друго во изградба на објекти од високоградба, хидроградба и сообраќајници.

Избраниот изведувач за градежни работи има право да вклучува во извршување на работите и свои кооперанти за поедини занаетчиски, инсталатерски и специјални работи според условите кои ќе се определат со договорот.

Изведувањето на градежни работи може да дојде во ситуација едновремено да се изведуваат и по монтажата на челична конструкција и опрема што понудувачите треба да го имаат во предвид.

Работите ќе се изведуваат во близина на постојните капацитети што се во погон и со изведувањето на градежните работи не треба да дојде до застој и пречење во технолошкиот процес.

4. Услови за отстапување на работите:

— спремност и висина на учество на понудувачите во финансирањето на изградбата со минимум 20% од договорените работи во траење од 3 години;

— да приложат референции за досегашното учество во изградбата на металуршки објекти, слични или сродни и тоа како основни носители на работите;

— капацитетите на понудувачите за извршените работи во минатата година да им се над 500 милиони нови динари (се докажува со потврда од СОК).

5. Во пријавите за конкурс мора да се содржи следното:

— точен назив и адреса на претпријатието,
— податоци за стручни кадри,
— податоци за техничка опременост на претпријатието, (со години на производство на механизацијата),
— податоци за финансиската состојба на претпријатието,
— изјава дека се во состојба да кредитираат дел од преземените работи,
— обврска од понудувачот за депонирање на гарантно писмо од банка во износ од 1% од пресметковната вредност,
— доказ на подносителот на пријавата дека е регистриран во надлежниот суд за изведување на работите предвидени во точка 1,
— податоци за поважни објекти на кои понудувачот досега учествувал.

6. При утврдување на подобноста ќе се цени следното:

— способност на понудувачот со сопствени средства и работна снага да изведува врсти и видови на работи по точка 3,
— можност на понудувачот да ги одржува роковите, и
— рок за состојбата на деловниот фонд.

Посебно ќе се цени:
— искуство во изградба на исти или слични објекти, и
— можност на изведувачот да го кредитира инвеститорот.

7. Пријавата по овој конкурс се поднесува за: градежни, градежно-занаетчиски и инсталатерски работи.

8. Ориентациона вредност на објектите и работите за објектот за континуирано леење — 100.000.000 н. динари.

9. Рок за изведување на работите:
— за континуирано леење од 1. IV. 1975 година до 1. 12. 1977 година.

10. Пријавите за конкурсот се поднесуваат на адреса: Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје, ООЗТ — Инвестиции со ознака ЗА КОНКУРС ЗА ПОДОБНОСТ.

Рок за поднесување на пријавите е 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

11. Конкурсот за подобност на понудувачите ќе се одржи 5 дена од рокот за поднесување на пријавите во просториите на ООЗТ — Инвестиции, соба бр. 118 во 10 часот.

12. Пријавите што не ги исполнуваат условите од став 2 од овој конкурс, како и пријавите поднесени по истекувањето на рокот, нема да се земаат предвид.

13. Конкурсот ќе се одржи ако благовремено се поднесени најмалку две пријави што ги исполнуваат условите од конкурсот.

14. Присутните претставници на изведувачките претпријатија, кои даваат пријави до стручната комисија која го спроведува конкурсот, да достават и овластување за застапување на претпријатието на конкурсот.

Отсуството на претставник на подносителот на пријавата не влијае за одржување на конкурсот.

15. Одлука за тоа кои изведувачки организации се подобни ќе се донесе во рок од 10 дена од денот на одржаниот конкурс за подобност на изведувачите.

Одлуката за подобност со образложение ќе се достави на изведувачките претпријатија што учествувале на конкурсот за подобност на изведувачите во рок од 10 дена.

16 Изведувачките претпријатија што ќе бидат прогласени за подобни, ќе можат да ја подигнат договорната документација од Конкурсната комисија.

17. Рок за поднесување на понуди е 30 календарски дена од денот на огласувањето за подобност и да се достават на адреса: Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје, ООЗТ — Инвестиции, со ознака ПОНУДА ЗА ПОДОБНОСТ.

18. Неблаговремено доставените понуди нема да се разгледуваат.

19. Во времето за поднесување на понудата заинтересираните изведувачки претпријатија можат усмено да се информираат за евентуални објаснувања на добиената документација за поднесување на понуди, за теренските услови и др. Информациите по оваа точка ќе се добиваат секој ден од 10—12 часот во ООЗТ — Инвестиции, соба бр. 115.

20. Отстапување на работите по понуди ќе се изврши по условите на овој оглас и добиената договорна документација.

21. Одлука за прифаќање на понудата, односно избирање на изведувачот, ќе се изврши во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на понудата писмено до сите понудувачи.

22. Покана за договарање на избраниот изведувач ќе се враќа во рок од 7 дена од донесувањето на Одлука за прифаќање на понудата и избирање на изведувач.

23. Секој понудувач има право да поднесе само една понуда. (5)

---

Врз основа на одлуката на Советот на ООЗТ — Превентивно-диспанзерска служба, а согласно со член 5 од Самоуправната спогодба за кадровска структура и систематизација на работните места во ООЗТ — Превентивно-диспанзерска служба на Медицински центар — Гостивар се

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на слободните раководни работни места и тоа:

1. Еден шеф на АТД
2. Еден главен рендген техничар во рендген кабинет.
3. Еден одделенски техничар — сестра во АТД.
4. Еден одделенски техничар во превентива.

Услови: Покрај општите услови предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, кандидатите што ќе конкурираат на овој конкурс за работното место под број еден да имаат завршено медицински факултет и специјализација по специјалноста пнеумофтизиологија; за работните места под број 1, 2 и 3 потребно е да имаат завршено виша или средна медицинска школа за мед. сестри, техничари и лаборанти, со работно искуство.

Предност имаат кандидатите што се во редовен работен однос во ООЗТ — Превентивно-диспанзерска служба.

Молбите таксирани со два динари таксена марка и приложени потребни документи за засновање на работен однос да бидат доставени до Советот на ООЗТ — Превентивно-диспанзерска служба при Медицинскиот центар — Гостивар.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (390)

Советот на Филизофско-историскиот факултет во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:

— еден наставник (во сите звања) по предметот историја на народите на СФРЈ;

— еден наставник (во сите звања) по предметот општа психологија;

— еден наставник (во сите звања) по предметот статистика во психологијата;

— еден асистент по предметот статистика во психологијата;

— два асистента по предметот општа психологија;

— еден асистент по предметот историја на педагогијата;

— еден асистент по предметот општа педагогија;

— еден лектор по латински јазик;

— еден асистент по предметот општа историја — нов век;

— еден асистент по предметот историја на Византија;

— еден библиотекар на Катедрата за писхологија.

УСЛОВИ: завршен филозофски факултет и солидно знаење на еден или повеќе странски јазици.

Пријавите таксирани со 2,00 динари таксени марки се поднесуваат до архивата на Филозофско-историскиот факултет.

Рок за поднесување на пријавите е 30 дена по објавувањето во весникот „Нова Македонија", а за библиотекарот 15 дена по објавувањето. (1)

---

Конкурсната комисија на Заводот за ментално здравје на деца и младинци — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работното место олигофренопедагог

Покрај општите услови, кандидатот треба да ги исполнува и следните услови:

— да има висока или виша дефектолошка школа — група олигофренопедагогија.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ". (2)

---

Конкурсната комисија при ООЗТ Здравствена станица — Демир Хисар

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работното место:

— директор на ООЗТ Здравствена станица — Демир Хисар.

Услови: Покрај општите услови предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здруженијот труд, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да е лекар од општа практика,

— да има работно искуство четири години во струката,

— да има положено стручен испит,

— да има организаторски способности,

— да ги познава проблемите на работењето на Здравствената станица, и

— да поседува морално-политички квалитети за функцијата.

Пријавите со потребните документи да се доставуваат до ООЗТ Здравствена станица — Демир Хисар, за конкурсна комисија.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето. (3)

Конкурсната комисија при Специјалната болница за костно-зглобна туберкулоза — Охрид

распишува

**КОНКУРС**

за прием на работа на еден приправник ЛЕКАР ОД ОПШТА МЕДИЦИНА.

Покрај општите, кандидатот треба да ги исполнува и посебните услови:

— завршена воена обврска,

— да не е постар од 30 годишна возраст.

Со пријавата се поднесуваат следните документи:

— диплома односно уверение за завршен медицински факултет;

— уверение да не е под истрага ниту осудуван во врска со работите од здравствената дејност;

— уверение за здравствената состојба;

— доказ за завршена воена обврска;

— работна книшка и доказ од заедницата за вработување дека е без работа.

Болницата стан не обезбедува.

Конкурсот е отворен 15 дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ" и во тој рок можат да се поднесуваат пријави.

Некомплетираните пријави и пријавите што ќе пристигнат по истекот на отворениот рок на конкурсот нема да бидат земени предвид.

Пријавите се доставуваат до конкурсната комисија на Болницата. (8)

---

Врз основа на член 26 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ" бр. 24/74), Заедницата на основното образование во Струга

распишува

**КОНКУРС**

за прибирање јавни понуди за отстапување-продолжување на градежните и градежно-занаетчиските работи на затворениот пливачки базен во Струга

Заинтересираните организации техничката документација и другите материјали можат да ги разгледаат во просториите на ООЗТ ХЕ „ГЛОБОЧИЦА" — Струга секој работен ден каде можат да добијат и други информации.

За утврдување која понуда е поповолна ќе се смета понудата која ќе биде поповолна во следното:

1. пониска цена на изведување на работите,

2. поповолни услови за кредитирање на работите, и

3. кадровско-техничката опременост.

Понудите со сите комерцијално-технички услови, вклучувајќи ги и условите на кредитот, роковите и кадровско-техничката опременост на изведувачите да се достават во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" до Заедницата на основното образование — Струга.

За резултатите од огласот учесниците ќе бидат известени во рок од 10 дена од заклучувањето на огласот. (6)

---

Конкурсната комисија при Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци" — Штип

распишува

**КОНКУРС**

за реизбор на директор на Домот

Кандидатот треба да ги исполнува следните услови:

1. да има висока стручна подготовка, завршен филозофски факултет, најмалку 6 (шест) години работно искуство во просветна струка, од кои 3 години во дом;

2. да има завршено виша школа — педагошка академија со најмалку 10 години работно искуство во просвета, а од кои 5 години во дом;

3. да се истакнува со организациона способност;

4. со судски одлуки да не му е забрането вршење на должноста директор.

5. да ги исполнува општите услови од Основниот закон за работните односи.

Молбите со комплетната документација и податоци за движењето во службата да се доставаат до Конкурсната комисија при Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци" — Штип.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето.

Некомплетираните документи нема да се земаат предвид при разгледувањето. (7)

---

Работничкиот совет на Фабриката за обоени метали „Купром" — Скопје

распишува

## КОНКУРС

за избор на раководител на инвестиционо-развојниот сектор

УСЛОВИ: Покрај со Законот определените услови, кандидатот треба да ги исполнува и следните услови:

да има висока стручна спрема — да е дипломиран машински, металуршки инженер или дипломиран економист со над 5 години работно искуство во струката, од кои најмалку 4 години да има проведено на работа во развој.

Кон пријавата кандидатите треба да ги приложат следните документи: диплома за стручната подготовка, потврда за бараната практика, уверение дека не е осудуван и дека не е под истрага, а кандидатите кои се во работен однос согласност од работната организација.

Пријавите со бараните документи да се достават до фабриката „Купром" — Скопје, со назнака за конкурсната комисија.

Некомплетираните пријави нема да се земаат предвид при разгледувањето.

Конкурсот е отворен 15 дена сметано од денот на неговото објавување. (8)

---

Комисијата за меѓусебни односи во музејот на современата уметност — Скопје

распишува

## КОНКУРС

за пополнување на работното место КУСТОС во Одделението за изложбена дејност на одредено време од 6 месеци

Пријавените кандидати треба да ги исполнуваат следните услови:

— да имаат завршен филозофски факултет; предност имаат лица со завршено историја на уметноста со 6 години работно искуство во музејска струка.

Задолжително познавање на еден од странските јазици.

Рок за поднесување на пријавите е 30 дена, сметано од денот на објавувањето. (11)

## СОДРЖИНА

Страна

1. Одлука за помилување на осудени лица — — — — — — — — — — — 1
2. Решение за утврдување престанување на функцијата член и именување член на Советот на Народниот театар во Скопје — — 1
3. Решение за именување потсекретар во Републичкиот завод за општествено планирање — — — — — — — — — — — 1
4. Решение за именување помошник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање — — — — — — — — 1
5. Решение за именување советник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање — — — — — — — — 1
6. Решение за именување советник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање — — — — — — — — 2
7. Решение за именување советник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање — — — — — — — — 2
8. Решение за именување советник во Извршниот совет — — — — — — — — — 2
9. Решение за именување советник во Извршниот совет — — — — — — — — — 2
10. Наредба за утврдување на факторот за пресметување на вкупниот чист приход од земјоделска дејност — — — — — — 2
11. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 53/74 од 14 ноември 1974 година — — 2
12. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 63/74 од 21 ноември 1974 година — 4
13. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 75/74 од 25 декември 1974 година — — 5

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

1. Одлука за продолжување на пресметковната 1974 година до 31 I. 1975 година — — 7
2. Одлука за утврдување стапките на придонесите за научните дејности во 1975 година 7
3. Одлука за утврдување стапките на придонесите на Републичката заедница на физичката култура — — — — — — — 7
4. Одлука за финансискиот план на Републичката заедница на физичката култура за 1975 година — — — — — — — — — 8
5. Одлука за стапките и тарифата на придонесите за здравственото осигурување на работниците во 1975 година — — — — — 8
6. Одлука за стапките и износите на придонесите за здравственото осигурување на земјоделците за 1975 година — — — — — 9
7. Одлука за стапките и тарифата на придонесите за здравственото осигурување на работниците во 1975 година — — — — — 9
8. Одлука за стапките и износите на придонесите за здравственото осигурување на земјоделците за 1975 година — — — — — 10
9. Одлука за утврдување на основицата за пресметување и плаќање на придонес за здравственото осигурување на лица вработени кај приватните работодавци — — — 10
10. Одлука за висината на придонесите за финансирање на здравственото осигурување на земјоделците во 1975 година — — — — 11
11. Одлука за стапките и тарифата на придонесот за здравствено осигурување на работниците за 1975 година — — — — — — 11

**Издавач: „Службен весник на СРМ" — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**